РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5942/2 (2023)

29-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-5942/1 од 28.12.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Се упатува подносителот да поднесе претставка за нестручно и несовесно извршување на судиската функција до Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-5942 од 2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-5942/1 од 28.12.2023 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за нестручно и несовесно извршување на судиската функција од страна на судии во ///, кои постапувале по судски предмет каде како тужител се јавува подносителот. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК оцени дека предметните наводи се во надлежност на Судски совет на РСМ, заради што се упатува подносителот да поднесе претставка до овој орган за преиспитување на стручноста на постапувањето на судиите.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk